# Прирачник за прилагодување на постојните квалификаци кон барањата на НРК и ЕРК

## за експерти вклучени во прилагодувањето на одредени квалификации



This project is funded
by the European Union

Ministry of Education and Science
Sv. Kiril i Metodij 54,, 1000 Skopje
Phone: (+389 02) 3248 500
Fax: (+389 02) 3248 500

Врз основа на член 16 став 9 алинеја 7 од Законот за Националната рамка на квалификации („Службен весник на Република Македонија" бр. 137/13 и 30/16), Националниот одбор за Македонска рамка на квалификации на седницата одржана на 06.12.2017 година го разгледа и одобри Прирачникот за прилагодување на постојните квалификации кон барањата на НРК и ЕРК изработен во рамките на твининг проектот „Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Националната рамка на квалификации" МК 13 IPA SO 02 15

МАКЕДОНСКА
РАМКА НА
КВАЛИФИКАЦИИ

# Прирачник за прилагодување на постојните квалификации кон барањата на НРК и ЕРК за експерти вклучени во прилагодувањето на одредени квалификации

април 2017

Изготвиле:

Emilia Danowska-Florczyk, Horacy Dębowski, Anna Kaczmarek,
Maciej Lasota, Agata Poczmańska, Stanisław Sławiński

This project is funded
by the European Union

Ministry of Education and Science
Sv. Kiril i Metodij 54,, 1000 Skopje
Phone: (+389 02) 3248 500
Fax: (+389 02) 3248 500

# Содржина

Вовед *5*

1. Прирачникот како резултат на заедничка работа *5*
2. Како да се разбере прилагодувањето на одредени квалификации кон барањата на НРК и ЕРК? *6*

Фаза 1 – Анализа *7*

1. Како да се анализираат постојните квалификации? *7*
2. Листа за проверка како алатка за насочување на експертите низ процесот *8*
3. Споредба со слични странски квалификации *9*

Фаза 2 – Прилагодување *11*

1. Соодветен обем во процес на прилагодување на постојната квалификација *11*
2. Како се прилагодуваат квалификациите? *14*
3. Одредување на ниво на НРК на постојна квалификација *15*

ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ АНАЛИЗИРАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ *17*

# Вовед

## 1. Прирачникот како резултат на заедничка работа

Прирачникот претставува збир на информации за насочување на експерти ангажирани за да го спроведуваат процесот на прилагодување на одредени постојни квалификации според барањата на НРК и ЕРК. Прирачникот е развиен во рамките на твининг проектот *Понатамошно подобрување на системот за развој и имплементација на Национална рамка на квалификации.* Прирачникот е резултат на соработката помеѓу група на полски експерти вклучени во твининг проектот и експерти од земјата корисник, од Министерството за образование и наука (особено Одделението за НРК), Центарот за стручно образование и обука, Центарот за образование на возрасни, стручните училишта, два универзитети, Занаетчиската комора и претставници на работодавачите од секторите туризам и лични услуги (фризерство).

Во период од неколку месеци, Прирачникот беше предмет на детални дискусии, со различни меѓународни експерти од твининг проектот. Првиот нацрт на Прирачникот беше развиен во ноември 2016 година. Неговата структура и содржина беше претставена на Одделението за НРК во декември 2016 година. Консултациите со Одделението за НРК продолжија до март 2017 година.

На почетокот на 2017 година, нацрт листата за проверка, како важен дел од Прирачникот, беше тестирана за време на две пилот сесии. По првата сесија (февруари 2017 година), заедно со работата на експертите од обласа на фризерство, се разви подобрен нацрт на листата за проверка. Овој нацрт беше дополнително подобрен по втората сесија (март 2017 година) после работата со експертите од секторот туризам. Резултатите од двете пилот сесии обезбедија важен придонес кон подготвување на конечната верзија на листата за проверка.

Авторите би сакале да изразат благодарност до: Наташа Јаневска, Борчо Алексов, Аспасија Хаџишче, Нада Стоименова, како и до претставниците од различни институции и засегнати страни кои дадоа значителна поддршка во текот на целиот процес на подготовка на овој документ.

## 2. Како да се разбере прилагодувањето на одредени квалификации кон барањата на НРК и ЕРК?

Терминот *прилагодување* значи менување нешто со цел да одговара на различни услови или или за различнни употреби [Cambridge Dictionary], да се направи нешто попогодно за нова употреба или цел или се модифицира нешто [Oxford Dictionary].

Во контекст на спроведување на НРК, поимот *прилагодување* се сфаќа на сличен начин, бидејќи процесот на прилагодување на постојните квалификации се сфаќа како модификација/ измена. При развивање на секоја социјална политика, секое дејство поврзано со изменување на сопствените инструменти треба да биде проследено и со соодветна дијагноза на моменталната состојба. Поради ова, додека настојуваме да се прилагодат постојните квалификации според барањата на НРК и ЕРК, ние исто така треба да примениме соодветен пристап. Овој пристап разликува два меѓусебно поврзани аспекти: дијагностицирање и модифицирање.
Тоа е причината зошто процесот на прилагодување на одредени постојни квалификации според барањата на НРК и ЕРК мора да се состои од две фази:

I. анализата на постојните квалификации со цел да се изменат во зависност од барањата на НРК и ЕРК,
II. воведување на соодветните измени.

Овој прирачник објаснува како овие две фази треба да се спроведат од страна на експертите кои се вклучени во процесот на прилагодување на постојните квалификации.

Во социјалните политики, сите инструменти треба секогаш да се ажурираат редовно заради промените во општеството и економијата кои се јавуваат како резултат на технолошкиот напредок. Меѓутоа, во случај на прилагодувањето на постојните квалификации според барањата на НРК и ЕРК, главната задача не е да се подобри содржината на квалификацијата. Главната задача е да се усогласи одредена постојна квалификација со НРК и ЕРК. Сепак, процесот на прилагодување на постојните квалификации треба да ги вклучува и потребните измени, на пример оние поврзани со отстранување на застарени елементи.

# Фаза 1 – Анализа

## 1. Како да се анализираат постојните квалификации?

Квалификациите кои ќе се прилагодуваат беа избрани од страна на носителите на одлуки. Изборот е направен врз основа на дефинирани критериуми, на пр. потребите на пазарот на труд или Национална стратегија за развој (*за повеќе информации погледнете ги Препораките упатени до носителите на одлуки за процесот на прилагодување на постојните квалификации според барањата и стандардите на НРК и ЕРК*). Тоа е причината зошто анализата на постојните квалификации бара големо внимание.

Процесот на анализа го предводат експерти назначени од страна на надлежниот орган. Клучната алатка во спроведувањето на анализата е листата за проверка која може да ја најдете на крајот на овој Прирачник. Анализата со помош на листата за проверка треба да се спроведе во три чекори:

1. Листата за проверка ја пополнува водечкиот експерт. При пополнувањето на листата за проверка експертот треба да добие поддршка од страна на специјалист/ специјалисти од дадена област и релевантните засегнати страни.
2. Прелиминарна пополнета листа за проверка се разгледува од страна на експерт кој не е вклучен во ниту една од активностите од првата фаза на анализата. Во овој чекор анализираните квалификации, исто така, се споредуваат со слични квалификации од странство.
3. Конечната верзија на листата за проверка се изготвува вклучувајќи ги и предлозите формулирани во чекор 2 од анализата: резултатите од прегледот и резултатите од споредбата со странски квалификации.

Вклучените експерти, специјалисти и заинтересираните страни треба да бидат теоретичари и практичари со различни улоги во пазарот на труд и образовниот сектор: работодавачи, наставници, испитувачи, кариерни советници, носители на одлуки, итн. Тие треба да имаат знаење и различни искуства поврзани со анализираната квалификација. Дополнително, покрај лицата кои даваат поддршка при процесот на анализа, треба да има најмалку еден експерт од оние кои ќе прегледуваат, кој треба да поседува општото знаење за системот на НРК.

Процесот на соработка меѓу водечкиот експерт кој ќе ја прави анализата и останатите лица треба да се планира и документира. Важно е добро да се подготват состаноците. Потребно е да се одреди соодветен временски период во зависност од сложеноста на задачата. Исто така, важно е да се подготват потребните документи за дискусиите (пред) и извештаите од процесот на консултации (потоа).

Задолжително вклучување на експертите и засегнатите страни при спроведувањето на анализата го осигурува квалитетот и веродостојноста на процесот на прилагодување. Прво, на експертите кои ја пополнуваат листата за проверка можно е да им се потребни дополнителни консултации во областите кои бараат специфични професионални знаења. Второ, пополнетата листата за проверка треба да ја разгледа експерт кој не бил вклучен во пополнувањето на истата. Трето, споредбата на анализираната квалификација со странски квалификации може да влијае врз мислењето на експертот поврзано со одредени области од листата за проверка.

## 2. Листа за проверка како алатка за насочување на експертите низ процесот

Листата за проверка беше изготвена со цел чекор по чекор да се насочи лицето одговорно за спроведување на анализата на постојните квалификации. Листата за проверка, што се користи за анализа, може да се спореди со некој вид на уред за навигација кој го води возачот кон дестинацијата. Листата за проверка има иста цел - таа дава коментари и дополнителни објаснувања. Покрај тоа, листата за проверка ги штити експерти од пропусти и други грешки при работата. Уредот за навигација помага да се видат сите важни крстосници за кои треба да бидеме свесни. На сличен начин листата за проверка им помага на експертите да ги забележат сите важни елементи.

Со користењето на листата за проверка при анализирањето на постојните квалификации ќе се обезбеди избегнување на пропусти. Она што е подеднакво важно е дека тоа ќе го осигура квалитетот на анализите и споредливост со нивните резултати.

Листата за проверка почнува со почетна информативна страна. Оваа страна е предвидена да обезбеди информации за документите кои ќе се користат при анализата на квалификациите и имињата на експертите кои ќе ја спроведуваат анализата.

Листата за проверка се состои од 15 тематски области (првата колона на листата за проверка) групирани во 3 главни делови:

- општи информации за квалификацијата,
- резултати од учење (наставни цели / резултати итн.) и оценување,
- институционални аспекти.

Секоја од тематските области вклучува 1-10 прашања за насочување со објаснувања (втора колона).

Експертите, кои ја спроведуваат анализата, треба да одговорат на прашањата за насочување со штиклирање на полињата со „да» или „не» (трета колона) и со обезбедување на релевантни забелешки доколку тоа е потребно (четврта колона и последниот дел на листата

за проверка). На крајот на листата за проверка оставено е поле за да се дадат заклучоци за понатамошните чекори и да се обезбедат други коментари.

Горенаведените 15 тематски области од листата за проверка се избрани според барањата на Европската рамка на квалификации. Тие се прилагодени на контекст во земјата, особено на системот на квалификации.

Листата за проверка ги опфаќа следните главни аспекти на прилагодените квалификации:

- корисност на вештини и знаења за носителите на квалификација, како и за работодавачите и општеството;
- релевантност на процентот на знаења и вештини во споредба со компетенциите барани од страна на работодавачите и носителите на квалификации;
- контекст во кој се стекнуваат квалификациите (формално, неформално образование и информално учење);
- проверка дали очекуваните резултати од учењето се јасни, транспарентни, мерливи, остварливи;
- релевантност на критериумите за оценување на резултатите од учењето на дадена квалификација;
- релевантност на методите за оценување / валидација;
- верификација на можноста да се идентификува нивото на НРК на квалификациите;
- јасност и сеопфатност на документите кои се поврзани на анализираната квалификација;
- релевантност на институционална инфраструктура за квалификацијата.

Листата за проверка која ги вклучува и резултатите од извршените консултации со експерти и засегнати страни и споредбите со странски квалификации, ќе определи дополнително како треба да се работи на измените на одредена квалификација.

## 3. Споредба со слични странски квалификации

Во глобализираната економија, истите технолошки решенија универзално се користат во сите земји во светот (на пример, компјутерски оперативни системи, автомобили, мобилни телефони). Поради ова мрежите за дистрибуција и услуги мора да се организираат во согласност со меѓународните стандарди. Ова бара соодветно обучен персонал. Потребните квалификации на овие вработени треба да се развијат земајќи ги предвид барањата на горespоменатите глобални технолошки решенија. Во однос на горенаведеното, важноста на размената на добри практики и заедничките искуства се зголемува. Целта на тоа е да се одбегнат неоправданите разлики во однос на обемот и содржината на квалификациите. Поради ова, потребно е да се споредат со слични странски квалификации.

Уште една причина да се спроведе оваа споредба е фактот дека во различни европски земји постојат професионални и почести занимања (на пример, наставници, медицински сестри, водоводџии). На пример, кога подготвуваме квалификација на оператор на ЦНЦ машини во земјата корисник, истата треба да се спореди со слични квалификации за оператори на ЦНЦ машини во Германија или Полска.

Процесот на споредба на занимањата и квалификациите ќе ги збогати резултатите од анализите, овозможувајќи да се спроведат можните модификации. Во исто време ваквата споредба може да придонесе за повеќе да се ценат националните достигнувања.

Како што е споменато погоре (дел 3 и 4), резултатите од споредбата ќе влијаат на конечната верзија на пополнетата листа за проверка која ќе се користи во фазата на прилагодување.

# Фаза 2 – Прилагодување

## 1. Соодветен обем во процес на прилагодување на постојната квалификација

Резултатите од анализата на постојната квалификација заедно со употребата на листата за проверка даваат основа за дефинирање на релевантниот обем на измените. Прво, пополнетата листа за проверка дава информации за кои елементи од описот на квалификација се достапни, а кои недостасуваат за да може да се прилагодат овие квалификации според барањата на НРК и ЕРК. Второ, пополнетата листа за проверка упатува на тоа кои елементи од анализираните квалификации не одговараат целосно на барањата на НРК и ЕРК. Трето, пополнета листа за проверка, исто така ги вклучува информациите за тоа кои елементи се застарени или неважечки. Како резултат на овој процес, многу информации се собираат. Понатаму, потребно е да се направи селекција, да се одлучи кои информации се од суштинско значење, а кои може да се прескокнат.

Можно е да се потребни измени во следните ситуации:

- кога описот не е доволен или соодветен - тогаш треба да се коригира или дополни (на пример, ако во описот на квалификации се наведува дека единствениот метод на оценување за доделување на возачка дозвола е писмен тест),
- кога описот не ги содржи потребните елементи, тогаш тие треба да се додадат.



Тоа е потребно за да се пополнат недостатоците во описот на анализираната квалификација во однос на:

- барањата според НРК и ЕРК (недостатоци кои беа запишани во пополнетата листа за проверка),
- заклучоци за новите елементи кои треба да се воведат во квалификациите.

Дефинирањето на обемот на прилагодувањето е преодна фаза меѓу фаза на анализа и фаза на модификација/ измена. Врз основа на информациите во пополнетата листа за проверка, експертите може да одлучат кои елементи треба да се менуваат, додадат или отстранат.

При дефинирање на обемот на модификација следните принципи треба да се земат предвид:

Процесот на прилагодување не подразбира развивање нова квалификација

Избраните квалификациите за прилагодување веќе постојат. Нивната вредност треба да се прифати и достапните информации за овие квалификации треба да се искористат. Сепак, квалификациите избрани за прилагодување се уште не се целосно усогласени со барањата и стандардите на НРК и ЕРК. Во ова се состои разликата помеѓу развојот на нови квалификации, односно кога експертите почнуваат од нула. Појдовна точка за овој процес е описот на постојната квалификација, каде експертите треба да изменат одредени елементи. Треба да се има на ум дека оваа квалификација функционирала до сега на пазарот на труд или во образовниот систем и треба да се употреби ова искуство и предност.

> Пример:
> Експертите прилагодуваат квалификација готвач, која веќе функционира во образовниот систем со години и е призната од страна на работодавачите. Наместо да почнат од листата на професионални задачи на готвачот од почеток, тие се фокусираат на она што веќе постои во описот на квалификации. Ова е основата од која тргнуваат експертите.

Прилагодувањето не го менува идентитетот на квалификацијата
Додека се прилагодува постојна квалификација, треба да се одбегнуваат било какви неоправдани промени во случај на концепти кои се длабоко вкоренети во македонскиот јазик и култура. Се разбира дека задачата на експертите е да ги исполнат барањата на НРК и ЕРК, сепак, можно е да има специфични случаи кога тоа нема да може да го направат. Отстапувања се дозволени само во оправдани ситуации.

Во секоја земја постојат некои традиционални термини и концепти поврзани со квалификацијата, кои се препознатливи регионално, национално или дури и на меѓународно ниво. Понекогаш промената на традиционалните елементи на квалификацијата може да предизвика недоразбирање, кое може да влијае на позицијата на квалификациите во образовниот систем и пазарот на трудот. Промените на традиционалните елементи во некои случаи може да предизвикаат губење на културното наследство.

> Пример:
> Занаетчиските квалификации во Полска и нивните традиционалните називи не се променети со години. Во текот на процесот на имплементација на Интегрираниот систем на квалификации (заснован на НРК) овој принцип, исто така, се почитуваше. Причината за тоа е да може да се задржат традиционалните термини кои се и биле широко препознатливи и специфични само за занаетчиски квалификациите стотици години наназад.

Прилагодувањето не подразбира подобрување на содржината и текстот на квалификацијата

Прилагодувањето не подразбира подобрување на квалификациите чисто заради самите подобрувањата, за да се направи описот на квалификациите да звучи подобро, според субјективниот впечаток на вештачењето. Со прилагодувањето се воведуват само неопходни

промени, кои ја прават квалификација покохерентна во однос на барањата на НРК и ЕРК. Експертот кој ги прави измените не треба да интервенира во зборoредот или во терминологијата само затоа што мисли дека нешто ќе звучи подобро. Секоја измена е оправдана сè додека ги одразува целите на прилагодување (максимално можно усогласување со барањата на НРК и ЕРК). Оние подобрувања/ прилагодувања кои се значајни може да се вметнат, иако, тоа не е главната цел на прилагодувањето. Треба да се нагласи дека воведувањето на дури и на мала промена на текстот (или користење на подобар збор) во описот на квалификации може ненамерно да ја смени содржината и значењето на резултатите од учење во квалификациите.

Пример:
Експертите ја прилагодуваат квалификацијата автомеханичар и во рамките на оваа квалификација има единица на резултати од учење наречена: *поправка на системи за ладење во автомобили.* Но, лицето кое го прави прилагодувањето сака да го смени во: *сервисирање на системи за ладење во автомобили*, бидејќи експертот смета дека сервисирање е посоодветен збор од поправка и подобро го одразува обемот на оваа единица на резултати од учење. Дали треба да и/му се дозволи да го промени? Само во оправдани случаи и под посебни услови. Овој вид на промени би можеле да влијаат на значењето и разбирањето за целата квалификација. Терминот сервисирање може да се сфати како поширок концепт од поправка и вклучува на пример, одржување на систем за ладење кој не може да биде дел од задачите на автомеханичар. Ова исто така може да предизвика премногу информации да се додадат во описот на квалификација и нема да може да го одрази вистинскиот обем на задачите на автомеханичар. Тоа е причината зошто експертите кои го спроведуваат прилагодувањето треба да бидат многу внимателни и претпазливи во врска со ова прашање.



<u>Општ принцип: „помалку промени – подобри резултати”</u>
Во случај на прилагодување, целта не е да се создаде квалификација која ќе биде целосно во согласност со теоретскиот модел. Во вакви случаи принципот „помалку промени - подобри резултати» се препорачува. Треба да се обезбеди соодветна рамнотежа при дефинирање на обемот на измените.



Според препораките на ЕРК[1], сите резултати од учење треба да изјавуваат што учесникот знае, разбира и може да направи по завршување на процесот на учење и истите се дефинираат преку категориите на знаење, вештини и компетенции. Сепак, може да се случи резултатите од учење да не се јасно дефинирани во описот. Во исто време, документите за квалификацијата (наставната програма,

1 Препорака од Европскиот Парламент и од Советот на 23ти април 2008 година за воспоставување на Европската рамка на квалификации за доживотно учење (напис поврзан со ЕЕА 2008/C 111/01).

наставниот план, стандардите на оценување и слични документи) овозможуваат да се идентификуваат знаењето, вештините и компетенциите потребни за една квалификација. Доколку овие документи овозможуваат да се доконкретизираат резултатите од учење, можеби не е потребно да се измени целата квалификација, туку само да се направат резултатите од учење поексплицитни.

> Пример:
> Во наставната програма за предавање историја, на едноставен е дадено следното: Точки на пресврт во Втората светска војна (договори, датуми, битки, причини, последици). Доколку во овој документ е наведено кои договори, датуми, битки, причини и последици мора да ги научи учесникот и што мора да презентира учесникот при оценувањето, во тој случај не е потребно информациите да се надополнуваат или да се прилагодуваат.

## 2. Како се прилагодуваат квалификациите?

Сите информации околу конкретна постојна квалификација се собираат. Експертите ги идентификуваат потребните прилагодувања (воведуваат промени, дополнување, или отстранување). Со ова се дефинира релевантниот обем на модификацијата/прилагодувањето.

Активностите кои треба да се преземат за да се прилагодат квалификациите се следниве:
- дополнување на информациите кои недостасуваат, кои се дефинирани во рамките на обемот на модификацијата, особено во однос на резултатите од учење,
- отстранување на застарените информации дефинирани во рамките на обемот на модификација,
- воведување на други неопходни промени дефинирани во рамките на обемот на модификација.

Горенаведените промени мора да бидат вградени во моментов во образецот кој тековно се користи. Можно е да се увиди дека потребно е образецот да се измени. Како што веќе беше наведено, треба да се воведат само потребните промени во согласност со принципот „помалку промени - подобри резултати». Во оваа фаза не може да се формулира препорака за обрасците кои може да се користат во иднина. На овој начин системот за квалификации постепено ќе се модернизира за да се постигне целосна усогласеност со барањата на НРК и ЕРК.



<u>Дополнување на информациите кои недостасуваат во обемот на прилагодувањето, особено во однос на резултатите од учење</u> – ова е потребно доколку важни промени се случиле во реалниот живот.

> Пример:
> Квалификацијата за ИКТ специјалист развиена пред 10 години бара корисникот да може да користи 3 специфични програми. Со текот на годините новите технологии

влијаеле врз квалификацијата и потребно е да се стекне уште една програма. Поради ова, потребата да се користи уште една програма треба да се додаде во описот на квалификацијата.

Редуцирање на застарени информации дефинирани со обемот на прилагодувањето – ова е потребно да се спроведе кога важни промени ќе се случат во реалниот живот.

Пример:
Пред 15 години имало квалификација која била потребна за да се ракува со одредена технологија во хемиската индустрија. Во овој период квалификацијата била забранета поради нејзините негативни последици врз животната средина. Поради ова застарените елементи треба да се отстранат од описот на квалификацијата.




Спроведување на потребните промени дефинирани со обемот на квалификацијата – други потребни измени кои се особено поврзани со прилагодувањата на квалификациите според барањата на НРК и ЕРК.

Пример:
Одредена, веќе анализирана, квалификација нема јасен опис на резултатите од учење и на критериумите за оценување. Анализите покажале дека описот на резултатите од учење треба да се надополни бидејќи оценувањето се спроведува соодветно во пракса и нема потреба да се вклучи подетален опис на оценувањето. Треба да се нагласи дека повторно експертите се оние кои одлучуваат кои промени треба да се воведат.

## 3. Одредување на ниво на НРК на постојна квалификација

Одредување на нивото на квалификацијата според НРК претставува основен елемент на системот на квалификации кој е заснован на рамката на квалификации. Соодветното одредување на нивото на НРК претставува основа за кредибилитетот на квалификации во земјата и во странство.

Поради ова, процедурата за одредување ниво мора да се дефинира и да следи. Во принцип, оваа постапка треба да биде иста во процесот на развој и прилагодување (Прирачник за развој на нови квалификации). Сепак, за одредувањето на ниво на прилагодени квалификации можно е да биде потребна измена на оваа процедура.

Мора да се запамети дека главна референтна точка во процесот на доделување се резултатите од учење. Тоа е причината зошто правилното дефинирање и формулирање на резултатите од учењето е од клучно значење во описот на квалификации во однос на прилагодување на квалификациите според на барањата на НРК и ЕРК.

Резултатите од учење, во рамките на описот на квалификации треба да овозможат сигурно/веродостојно одредување на нивото на квалификација. Може да има два случаи:

- постојни квалификации кои веќе имаат одредено ниво според НРК,
- постојни квалификации кои немаат ниво одредено ниво според НРК.

Пополнетата листа за проверка вклучува информации за тоа дали дадена квалификација има одредено ниво според НРК или не.

<u>Постојни квалификации кои веќе имаат одредено ниво според НРК</u>
Доколку се направат промени во однос на резултатите од учење во процесот на прилагодување, треба да се провери дали истите влијаат на нивото на квалификацијата.

Треба да се нагласи дека во случај кога квалификациите имаа ниво според НРК, утврдено со закон, сите промени кои се прават во квалификацијата мора да бидат во согласност со ова ниво. Експертите кои го спроведуваат процесот на прилагодување немаат право да воведат измени во квалификациите кои не се во согласност со тековната законска регулатива. Сепак, заклучоците на експертите од процесот на прилагодување можат да обезбедат препораки за измени во Законот во однос на нивото според НРК.

<u>Постојни квалификации кои немаат одредено ниво според НРК</u>

Нивото според НРК на дадена квалификација мора да се одреди со споредување на резултатите од учење на квалификациите со описите на нивоа според НРК. Повторно, мора да се нагласи дека овој процес мора да биде уредно спроведен во согласност со соодветната процедура.

Одредувањето на ниво според НРК е потешко доколку резултатите од учење не се експлицитно изразени во описот на квалификации. Во овој случај, други елементи на описот квалификација може да обезбедат важни референтни точки за одредување на нивото според НРК, на пример: наставни цели, критериуми на оценување, стандарди за оценување, итн.

Она што е важно е предложеното ниво според НРК секогаш да се потврди од страна на експерт кој не е вклучен во процесот на одредување на нивото. Таквиот пристап треба да се примени за да се гарантира најголемата можна веродостојност на одреденото ниво според НРК.

## ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА ПРИ АНАЛИЗИРАЊЕ НА ПОСТОЈНИТЕ КВАЛИФИКАЦИИ

за прилагодување на постојните квалификации кон барањата на НРК и ЕРК

**ЛИСТА ЗА ПРОВЕРКА**
**ЗА АНАЛИЗИРАЊЕ НА ПОСТОЈНИ КВАЛИФИКАЦИИ**

Квалификација која се анализира:

…………………………………………………………………………………………..

…………………………………………………………………………………………..

Документи кои се анализираат
(пр. стандард на занимање, стандард за оценување, наставни планови и програми, диплома, сертификати итн.)

Коментари:
Сите документи потребни за анализирање на квалификацијата треба да се наведат подолу.

…………………………………………………………………………………………..

…………………………………………………………………………………………..

…………………………………………………………………………………………..

…………………………………………………………………………………………..

…………………………………………………………………………………………..

Експерти кои ја вршат анализата (име и институција):

…………………………………………………………………………………………..

…………………………………………………………………………………………..

…………………………………………………………………………………………..

…………………………………………………………………………………………..

Дата на завршување на анализата: …………………………………………………………..

Потпис на експертите: ……………………………………………………………………….

…………………………………………………………………………………………..

| ШТО ТРЕБА ДА СЕ ПРОМЕНИ? | ПОМОШНИ ПРАШАЊА | ДА/ НЕ | ЗАБЕЛЕШКИ (доколку има) |
|---|---|---|---|
| **ОПШТИ ИНФОРМАЦИИ ЗА КВАЛИФИКАЦИЈАТА** | | | |
| **1. Законска основа** | 1.1. Дали квалификацијата е заснована на законски акти?<br>Коментар:<br>Доколку да, земете го ова предвид кога ќе ги пополнувате следните полиња од листата за проверка. | Д Н | Доколку да, ве молиме наведете кој законски акт.<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>……………………………… |
| **2. Упатување кон стандардите на занимање** | 2.1. Дали постои соодветен стандард на занимање поврзан со оваа квалификација? | Д Н | Доколку не, преминете на прашање бр.3.1<br>Доколку да, ве молиме наведете го соодветниот стандард на занимања.<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>……………………………… |
| | 2.2. Дали резултатите од учење (наставни цели/резултати и сл) за квалификацијата се засновани на соодветни стандарди на занимања?<br><br>Коментари:<br>Некои од македонските квалификации не се заснови на стандарди на занимања. На пр. сертификат/уверение за завршено основно образование | Д Н | Доколку да, наведете на кој начин.<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>……………………………… |
| | 2.3. Дали се резултатите од учење (наставни цели/ резултати и сл.) доволно поврзани со работните задачи содржани во стандардите на занимања? | Д Н | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **3. Назив на квалификацијата Коментар: Во дел од документите се користи терминот „име на квалификацијата" наместо назив на квалификацијата.** | 3.1. Дали дадениот назив е прифатлив за вас? | Д Н | Доколку не, објаснете ја причината.<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>Наведете ја потребата од соодветна корекција во „Заклучоци за следни чекори" на крајот од листата за проверка. |
| | 3.2. Дали називот е јасен и разбирлив за пошироката публика (работодавачи и учесници)? | Д Н | Образложете. |
| | 3.3. Дали називот ја одразува специфичноста и карактерот на квалификацијата (нејзините клучни резултати од учење)? | Д Н | |
| | 3.4. Дали називот се разликува доволно од останатите слични квалификации? | Д Н | Доколку не се разликува доволно, ве молиме наведете ги сличните називи на квалификации.<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>Доколку називот не се разликува доволно од останати слични квалификации – наведете ја потребата од соодветни промени во „Заклучоци за следни чекори" на крајот од листата за проверка |
| **4. Тип на завршен јавен документ кој се доделува** | 4.1. Дали е даден називот на документот (диплома, сертификат)? | Д Н | Доколку да, наведете го со точен назив.<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>………………………………… |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **5. Тип на квалификација** | 5.1. Дали квалификацијата е образовна или стручна?<br><br>Коментар:<br>Според Законот за НРК (член 11) постојат 2 вида на квалификации: на ниво на образование (образовно ниво) и стручни квалификации. | Д Н | Наведете го типот на квалификацијата:<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>Доколку не е можно, наведете коментар.<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>...................................... |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **6. Сектор на квалификација** | 6.1. Дали е даден секторот на кој припаѓа квалификацијата? | Д Н | Доколку да, ве молиме обележете го соодветниот сектор од дадената листа (Член 14, Закон за НРК):<br>01 Геологија, рударство и металургија<br>02 Градежништво и геодезија<br>03 Графичарство<br>04 Економија, право и трговија<br>05 Електротехника<br>06 Здравство и социјална заштита<br>07 Земјоделство, рибарство и ветеринарство<br>08 Лични услуги<br>09 Машинство<br>10 Сообраќај, транспорт и складирање<br>11 Текстил, кожа и слични производи<br>12 Угостителство и туризам<br>13 Хемија и технологија<br>14 Шумарство и обработка на дрво<br>15 Спорт и рекреација<br>16 Уметност<br><br>Коментари:<br>.....................................<br>.....................................<br>.....................................<br>.....................................<br>..................................... |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **7. Ниво и подниво на НРК** | 7.1. Дали нивото на оваа квалификација е дефинирано со Законот за НРК или со други законски акт? | Д Н | Доколку да,<br>-ве молиме наведете кој е законскиот акт.<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>-ве молиме наведете кое ниво:<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>……………………………… |
| | 7.2. Дали нивото/поднивото е наведено во анализираните документи поврзани со оваа квалификација? | Д Н | Доколку не, наведете ја потребата од соодветна корекција во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка |
| **8. Обем на квалификацијата (кредити и времетраење)** | 8.1. Која е основата за дефинирање на обемот на квалификацијата? | Д Н | Посочете ги сите релевантни основи:<br>– Времетраење на процесот на настава (број на саати) (number of contact hours);<br>– Потребно време за индивидуално учење (self-learning);<br>– Потребно време за оценување;<br>– друго:<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>……………………………… |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 8.2. Дали е обемот на квалификацијата изразен во кредити? | Д Н | Доколку да, објаснете го начинот на дефинирање на вредноста во кредити<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>………………………………… |
| **9. Критериуми за упис/запишување** | 9.1. Дали постојат критериуми/ услови за учесниците кои сакаат да се стекнат со квалификацијата?<br><br>Коментар:<br>Анализата треба да ги вклучи барањата од секоја фаза од стекнувањето на квалификацијата. | Д Н | Доколку да, наведете ги сите барани критериуми:<br>– Образовно ниво,<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>– Други сертификати и дипломи,<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>– Работно искуство,<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>– возраст,<br>…………………………………<br>– здравствени услови,<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>– други барања:<br>…………………………………<br>…………………………………<br>………………………………… |

| II. РЕЗУЛТАТИ ОД УЧЕЊЕ (наставни цели/резултати и сл.) И ОЦЕНУВАЊЕ | | | |
|---|---|---|---|
| **10. Главни компетенции потребни за завршување на квалификацијата** | 10.1. Дали се дадени/објаснети неопходните компетенции потребни за изведување на работните задачи?<br><br>Коментар:<br>Прашањето не се однесува на квалификации стекнати во рамки на основното и гимназиското (општо) образование | Д Н | Доколку да, наведете го вашето мислење за клучните компетенции (на пр. дали некои од нив недостасуваат?)<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br>Доколку не, наведете ја потребата од соодветна корекција и дополнување во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка |
| **11. Резултати од учење и критериуми за оценување** | 11.1. Дали квалификацијата е опишана користејќи резултати (наставни цели, резултати итн.) од учење? | Д Н | Доколку не, наведете ја потребата од дополнување на резултати од учење во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка и преминете на прашањето 12.1. |
| | 11.2. Дали се резултатите од учење (наставни цели/резултати и сл.) поврзани со:<br><br>Знаење:<br><br>Вештини:<br><br>Компетенции: | Д Н<br><br>Д Н<br><br>Д Н<br><br>Д Н | |
| | 11.3. Дали недостигаат некои од важните резултати од учење (наставни цели, резултати итн.)?<br><br>Коментар:<br>пр. Технолошкиот развој или промените во законодавството кои предизвикале ситуација каде се потребни нови компетенции за оние кои се стекнуваат со квалификацијата. | Д Н | Доколку одговорот е да, што недостига?<br>………………………………<br>………………………………<br>………………………………<br><br>Доколку не, наведете ја потребата од соодветно дополнување во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 11.4. Дали се сите резултати од учење (наставни цели/ резултати и сл) ажурирани? | Д Н | Доколку не, што е застарено?<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>Наведете ја потребата од соодветна корекција во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |
| | 11.5. Дали има резултати од учење (наставни цели, резултати итн.) кои се излишни? | Д Н | Доколку одговорот е да, ве молиме наведете кои резултати од учење треба да се отстранат?<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>Наведете ја потребата од соодветна корекција во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |
| | 11.6. Дали можат да се постигнат резултатите од учење (наставни цели, резултати и сл.)? | Д Н | Доколку не, наведете ги оние резултати од учење кои не можат да се постигнат<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>......................................<br>Наведете ја потребата од соодветна корекција во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |
| | 11.7. Дали се дадени критериуми за оценување поврзани со резултатите од учење? | Д Н | |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | 11.8. Дали се критериумите за оценување точно поврзани со специфичните резултати од учење? | Д Н | Доколку не, наведете кои критериуми за оценување не се точно поврзани со специфични резултати од учење.<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>Наведете ја потребата од соодветна корекција во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |
| | 11.9. Дали има одредени делови/ фрагменти од документацијата, поврзани со квалификацијата, кои треба да се променат поради јазични проблеми?<br><br>Коментар:<br>Пр. јазикот кој е користен е премногу комплициран, нејасен или неразбирлив. Користената терминологија е застарена. | Д Н | Доколку одговорот е да, кои делови/ фрагменти треба да се променат?<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>Наведете ја потребата од соодветна корекција и дополнување во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |
| | 11.10. Дали според Вас е возможно да се одреди нивото на НРК на квалификацијата? | Д Н | Ве молиме објаснете ја оправданоста:<br>…………………………………<br>…………………………………<br>…………………………………<br>Доколку не е возможно да се одреди нивото од НРК за квалификацијата – наведете ја потребата за соодветна корекција и дополнување во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| **12. Процес на оценување** | 12.1. Дали се дадени прецизни методи на оценување?<br><br>Коментар:<br>пр. пишан формулар, практично оценување, портфолио. | Д | Н | Доколку не, наведете ја потребата од соодветна корекција и дополнување во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |
| | 12.2. Дали се наведени прецизни критериуми за верификација на знаењето, вештините и компетенциите? | Д | Н | Доколку не, наведете ја потребата од соодветна корекција и дополнување во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |
| | 12.3. Дали е можно да се стекне квалификацијата преку признавање на претходното учење (ППУ)? | Д | Н | |
| | 12.4. Дали за оценувањето има одредена прецизна временска рамка? | Д | Н | Доколку не, наведете ја потребата од соодветна корекција и дополнување во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |
| | 12.5. Дали се наведени организациските, материјалните и човечките ресурси потребни за спроведување на оценувањето?<br>Коментар:<br>пр. простории, опрема. | Д | Н | Доколку не, наведете ја потребата од соодветна корекција и дополнување во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |
| **III. ИНСТИТУЦИОНАЛНИ АСПЕКТИ** | | | | |
| **13. Надлежен понудувач на услуги од областа на образование** | 13.1. Дали е наведена институцијата која нуди образование и обука?<br><br>Коментар:<br>пр. стручно училиште, установа за образование за возрасни, невладина организација, работодавач, центар за обука, асоцијација. | Д | Н | Доколку да, наведете ја<br>……………………………………<br>……………………………………<br>……………………………………<br>……………………………………<br>Доколку не, наведете ја потребата од соодветна корекција и дополнување во „Заклучоци за следни чекори“ на крајот од листата за проверка. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| **14. Надлежни институции за оценување** | 14.1. Дали е дадена институцијата која го спроведува процесот на оценување? | Д Н | Доколку да, наведете ја<br>.....................................<br>.....................................<br>Доколку не, наведете ја потребата од соодветна корекција и дополнување во „Заклучоци за следни чекори" на крајот од листата за проверка. |
| **15. Надлежно тело кое ја доделува квалификацијата** | 15.1. Дали е дадена институцијата одговорна за доделување на квалификацијата? | Д Н | Доколку да, наведете ја<br>.....................................<br>.....................................<br>.....................................<br>Доколку не, наведете ја потребата од соодветна корекција и дополнување во „Заклучоци за следни чекори" на крајот од листата за проверка. |

| ЗАКЛУЧОЦИ ЗА СЛЕДНИ ЧЕКОРИ |
| --- |
| **Во овој дел треба да се наведат сите неопходни активности за промени во квалификацијата, како би ги исполнила барањата на НРК и ЕРК. (доколку е потребно, може да се дополнат повеќе страни)** |
| |

| ДРУГИ ЗАБЕЛЕШКИ |
| --- |
| |

